Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14, 3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 09-1655/2
24.08. 2023 год.
СКОПЈЕ

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна анкета и Јавна презентација**

на предлог Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 06, Општина Ѓорче Петров, Скопје,

Планскиот опфат на ДУП за градска четврт СЗ 06, Општина Ѓорче Петров, Скопје е дефиниран со границите на четвртта СЗ 06, одредени со ГУП на Град Скопје, со следните граници на плански опфат:

- на југозапад: по оска на собирна улица „Шарпланинска" (планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022)
- на северозапад: по оска на собирна улица „15" (планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022)
- на североисток: по оска на градска магистрална улица Бул.Илинден „А" А.04-С.06 (планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022) и,
- на југоисток: по оска на собирна улица „Лепенец" (планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022).

Вкупната површина на планскиот опфат, што ќе се применува при изработка на Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 06, Општина Ѓорче Петров - Скопје, изнесува **45,62 ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени со ГУП на Град Скопје и површината до осовините на сообраќајниците.

- Јавната анкета ќе трае 15 работни дена од 04.09.2023год. до 25.09.2023год., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Слободен печат", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавната анкета и јавната презентација предлогот на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 06, Општина Ѓорче Петров – Скопје ќе биде изложен во просториите на Општина Ѓорче Петров, ул.Ѓорче Петров бр.22, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Слободен печат", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 13.09.2023 год. во 14:00 часот во просториите на Општина Ѓорче Петров, ул.Ѓорче Петров бр.22, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 13.09.2023 год. во 15:00 часот во просториите на Општина Ѓорче Петров, ул.Ѓорче Петров бр.22.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Александар Стојкоски**

Изработил:
Е. Ќулумоска ____________
Одобрил:
Ф. Ефтимов.____________